РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 26.03.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 2294/1 | 0 | |


РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

KOMISIONI RREGULLATOR I ENERGJETIKËS, I SHËRBIMEVE TË UJIT DHE I SHËRBIMEVE TË MENAXHIMIT ME MBETURINAT KOMUNALE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI RREGULLATOR I ENERGJETIKËS, I SHËRBIMEVE TË UJIT DHE I SHËRBIMEVE TË MENAXHIMIT ME MBETURINAT KOMUNALE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр./Nr. 02 - 462/3
25.03.2026 год.-viti
Скопје-Shkup

**До:**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Afrim Gashi, Претседател на Собранието на РСМ**
**СКОПЈЕ**

**Drejtuar:**

**KUVENDIT TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
**Afrim Gashit, kryetarit të Kuvendit të RMV-së**
**SHKUP**

**Предмет:** Доставување на Предлог – Финансиски план за 2026 година на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија

Почитуван,

Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, согласно член 71, став (5) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/25 и 135/25)), во прилог Ви доставува на усвојување:

- Предлог - Финансискиот план за 2026 година на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија и
- Предлог - Одлука за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход, за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија за 2026 година.

Со почит,

**Заменик претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Lënda:** Dërgimi i Propozim-Planit Financiar për vitin 2026 të Komisionit Rregullator të Energjetikës, të Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturina Komunale të Republikës së Maqedonisë së Veriut

I nderuar,

Në përputhje me nenin 71, paragrafi (5) të Ligjit të Energjetikës ( "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 101/25 dhe 135/25), Komisioni Rregullator i Energjetikës, i Shërbimeve të Ujit dhe i Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturina Komunale i Republikës së Maqedonisë së Veriut në bashkangjitje ju dërgon për miratim:

- Propozim-Planin Finaniciar për vitin 2026 të Komisionit Rregullator të Energjetikës, të Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturina Komunale të Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe
- Propozim-Vendimin për Përcaktimin e Përqindjes së Përfshirjes nga të Hyrat e Përgjithshme Vjetore, për financimin e punës së Komisionit Rregullator të Energjetikës, të Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturina Komunale të Republikës së Maqedonisë së Veriut për vitin 2026.

Me respekt,

**Zëvendës kryetari i Komisionit Rregullator të Energjetikës, të Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturinat Komunale të Republikës së Maqedonisë së Veriut**

**Lirim Sulejmani**

ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk

Rr. Maqedonia nr. 25, pallati Llazar Pop-Trajkov – kati i 6 • 1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
Qendra 02 3233-580 • Faks: 02 2556 004 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk

INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED Q-036/2019

[1] 08-2294/1 [2026]

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА,
ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ
СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2026 ГОДИНА НА РЕГУЛАТОРНАТА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Скопје, март 2026**

ул. Македонија бр.25. палата Лазар Поп Трајков, 6ти спрат • 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 3233-586 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk













Предлог финансискиот план на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија е изготвен согласно член 71 став (5) од Законот за енергетика *(„Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/25 и 135/25)

Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија најдоцна до 31 октомври од тековната година, до Собранието на Република СевернаМакедонија поднесува за усвојување предлог финансиски план за следната календарска година.

Согласно член 71 став (2) од Законот за енергетика, работењето на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија се финансира од сопствени извори на средства обезбедени преку:

- наплата на надоместок за издавање на лиценци за вршење на енергетски дејности, односно за упис во регистарот на странски трговци и снабдувачи со електрична енергија и природен гас коишто вршат дејност во Република Северна Македонија,
- надоместоци од постапката за утврдување на тарифи за водни услуги, односно регулаторна тарифа за водни услуги.
- наплата на годишен надоместок од носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности и странските друштва коишто вршат дејност во Република Северна Македонија,
- посебен годишен надоместок утврден како процент на зафаќање од годишниот приход на давателите на водни услуги остварен од давање на водните услуги.

Во предлог финансискиот план се презентирани планираните приходи и расходи на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, планирани врз основа на реализираните и предвидените активности за 2026 година. Притоа, се предлага планираните приходи на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија за 2026 година да се остварат со наплата на надоместок во висина од 0,0407% од вкупниот приход на носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности и 0,0407% од годишниот приход на давателите на водни услуги остварен од давањето на водните услуги. Зголемувањето се должи на планирани нови вработувања во РКЕ за 2026 година заради зголемените ингеренции и обврски на РКЕ во новиот Закон за енергетика, како и зголемените расходи поради порастот на цените на услугите и добрата во земјата. Истиот е значително понизок од законски утврдениот максимум од 0,1% од вкупниот приход на друштвата што вршат енергетска дејност и давателите на водни услуги.

Содржина:

страна

А. Законски основ........................................................................................4

Б. Планирани расходи...................................................................................5 - 9

1. Материјални расходи и услуги
2. Други расходи
3. Плата и надоместоци на  плата
4. Капитални и други средства

В. Планирани приходи.................................................................................9-11

Г. Прилог – Табела1 .....................................................................................11

## А. Законски основ

Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст Регулаторна комисија за енергетика), врз основа на член 71 став 5 од Законот за енергетика*(„Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/25 и 135/25) има обврска најдоцна до 31-ви октомври од тековната година до Собранието на Република Северна Македонија да поднесе на усвојување предлог финансиски план за следната година. Во предлог финансискиот план се содржани сите планирани приходи и расходи на Регулаторната комисија за енергетика, а кои се планирани врз основа на активностите што се предвидени за следната година.

Во ставот 6 од истиот член е утврдено дека процентот на зафаќање од вкупниот приход на носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности и странските друштва коишто вршат енергетска дејност во Република Северна Македонија, како и процентот на зафаќање од годишниот приход на давателите на водни услуги остварен од давањето на водните услуги, не можат да бидат повисоки од 0,1%.

Регулаторната комисија за енергетика го води сметководството согласно Законот за сметководство на непрофитни организации.

Регулаторната комисија за енергетика предлага надоместокот за 2026 година да изнесува 0,0407% од вкупниот приход на носителите на лиценци за вршење енергетски дејности и на странските друштва што вршат енергетска дејност во Република Северна Македонија, како и 0,0407% од годишниот приход на давателите на водни услуги остварен од давањето на водните услуги. Основа за пресметка на процентот на зафаќање е приходот остварен во годината која што и претходи на годината во која се доставува предлог финансискиот план. Податоците за вкупниот приход остварен во 2024 година од вршење на енергетски дејности од страна на носителите на лиценци и странските друштва коишто вршат енергетска дејност во Република Северна Македонија и годишниот приход на давателите на водни услуги остварен од давањето на водни услуги, се земаат од Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Собранието на Република Северна Македонија го усвојува предлог финансискиот план и со Одлука го утврдува процентот на зафаќање поодделно за носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности и странските друштва коишто вршат енергетска дејност во Република Северна Македонија и за давателите на водни услуги.

## Б. Планирани расходи

Согласно надлежностите утврдени со Законот за енергетика, Законот за утврдување на цени на водните услуги и Законот за управување со отпадот, Регулаторната комисија за енергетика го регулира и контролира начинот на вршење на енергетските дејности, т.е. се грижи за обезбедување на ефикасно, конкурентно и непречено функционирање на енергетските пазари, воспоставување на финансиски самоодржлив систем на водни услуги во Република Северна Македонија, како и обезбедување на финансиски услови за управување со комунален отпад, а во согласност со начелата на објективност, транспарентност и недискриминација, како и со примена на најдобрите меѓународни искуства и практики.

Потребните финансиски средства за исполнување на активностите на Регулаторната комисија за енергетика, согласно надлежностите од Законот за енергетика, Законот за утврдување на цени на водните услуги и Законот за управување со отпад, се планирани врз основа на анализа на историските податоци за остварените расходи, постапките за јавни набавки, споредбените анализи и податоците се обработени на систематски начин и се презентирани во предлог финансискиот план за 2026 година.

Регулаторната комисија за енергетика при планирање на расходите за работењето за 2026 година, се водеше од начелото за рационално и економично трошење на потребните средства со цел квалитетно, континуирано и ефикасно извршување на задачите, обврските и надлежностите што произлегуваат од Законот за енергетика, Законот за утврдување на цени на водни услуги и Законот за управување со отпад.

Во текот на годината може да се врши измена на финансискиот план по расходни ставки (пренамена на планираните средства), доколку се работи за расходи кои не можеле да бидат предвидени во периодот на изготвување на предлог финансискиот план. За сите наведени измени треба да постои писмено образложение. Одлуката за пренамена на средства по ставки во рамките на вкупно одобрените средства со финансискиот план ја носи Регулаторната комисија за енергетика во согласност со Законот за енергетика* и Правилникот за финансиско работење и сметководство на Регулаторната комисија за енергетика.

Вкупните расходи – потребни средства за исполнување на планираните активности и обврски во 2026 година изнесуваат 185.665.989 денари што претставува зголемување на вкупните расходи од 2025 година кои изнесува 174.941.542 денари односно зголемување од 10.724.447 денари.

Финансиските средства за 2026 година се планира да бидат искористени за следните намени:

1. Материјални расходи и услуги

Оваа група на расходи ги опфаќа следните расходни ставки:

*1.1* Потрошени материјали

Во ставката потрошени материјали вкалкулирани се расходи за материјалите кои се неопходни за нормално извршување на надлежностите на Регулаторната комисија за енергетика.

Расходите за потрошени материјали ги опфаќаат следните потставки:

- потрошен канцелариски материјал и останати материјали;
- материјал за чистење и одржување;

- потрошена вода и
- ситен инвентар и авто гуми.

*1.2* Потрошена енергија

Износот на ставката 1.2 е зголемен како резултат на изнајмување на дополнителни деловни простории од АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење за Републиката – Скопје, кои се неопходни за непречено и ефикасно извршување на надлежностите на Регулаторната комисија за енергетика. Во ставката потрошена енергија спаѓаат следните потставки:

.

- Потрошена енергија
- Потрошен бензин, нафта и други деривати за возила и агрегат

*1.3* Инвестиционо одржување на средствата

Расходите за инвестиционото одржување на средствата ги вклучуваат следните расходи:

- надградба и одржување на Е-деловодник;
- надградба и одржување и веб хостинг на веб страната на Регулаторната комисија за енергетика;
- надградба и одржување на систем за евиденција и терминали;
- надградба и одржување на порталот voda.erc.org.mk;
- надградба и одржување на порталот monitoring.erc.org.mk;
- надградба и одржување на софтверскиот систем за водење на лиценци;
- надградба и одржување на системот за сметководствено работење;
- одржување на системот за ладење и греење;
- редовно сервисирање на возилата и
- други услуги за одржување.

*1.4* Други услуги

Ставката Други услуги ги опфаќа следните расходи:

- објава на акти и огласи во Службен весник на Република Северна Македонија (износот на ставката се зголемува поради зголемениот број акти кои согласно новиот Закон за енергетика  е потребно да се објават во „Службен весник на Република Северна Македонија” , како и обврската за објавување на усогласените лиценци за вршење на соодветната енергетска дејност со новите обврски кои произлегуваат од Законот);
- комунална хигиена;
- други услуги (печатарски услуги, фотокопирање, огласување, трошоци за законска обврска за обезбедување на секундарна локација на IT системи, надоместок за користење на податоци од Централен регистар на Република Северна Македонија (поради зголемување на бројот на издадени лиценци, ќе се зголеми бројот на барањата за обезбедување на податоци за годишниот надоместок), хигиена на работните простори, возила и такси превоз, ресертификација на ИСО стандарди, печатење и дизајнирање), и
- трошоци за заедничко одржување на административна зграда (лифтови, обезбедување на административна зграда, одржување на системот за централана климатизација, централен систем за видео надзор, централен систем за детекција и дојава на пожар и санација на кров, централен агрегат за непрекинато напојување со електрична енергија  за друго).

*1.5* Превозни-транспортни услуги

Ставката ги опфаќа следните расходи:

- телекомуникациски услуги (набавка на фиксни телекомуникациски услуги, набавка на мобилни телекомуникациски услуги и набавка на управувана мрежна инфраструктура);
- поштенски услуги и
- претплата за Platts и „F.O.L.ICHTS”- World Biodiesel Price Report.

*1.6* Издатоци за репрезентација

Оваа ставка ги опфаќа расходите за репрезентација, кои за 2026 година се предвидува да се зголемат во однос на одобрените средства за 2025 година заради зголемување на цените на добрата и услугите.

*1.7* Наемнини

Ставката Наемнини ги опфаќа расходите за:
- наемнините за користење на опрема- изнајмување на мултифункционални печатарски уреди,
- закуп на деловен простор,
- закуп на стан по Одлука на Собрание на Република Северна Македонија,
- наем (лизинг) на службени возила.

*1.8* Други материјални расходи

Ставката Други материјални расходи ги опфаќа расходите за:
- стручна литература, списанија, весници;
- расходи за семинари и советувања;
- расходи за регистрација на моторни возила;
- расходи за соработка со други регулаторни тела, како и
- други непредвидени расходи.

2. Други расходи

Оваа група на расходи ги опфаќа следните ставки:
- провизија за платен промет;
- премии за осигурување;
- надоместоци на трошоци на работници;
- членарини;
- интелектуални и други услуги.

Во 2026 година планирани се обуки и учество во работни групи од областа на регулирање на енергетските дејности, водните услуги и комунален отпад, организирани од страна на:

- ACER - Агенцијата за соработка на енергетските регулатори на Европската Унија (Agency for the Cooperation of Energy Regulators),
- CEER - Советот на европските регулатори за енергетика (Council of European Energy Regulators),
- Energy Community - Енергетската заедница,
- ERRA - Регионалната асоцијација на нергетските регулатори (Energy Regulators Regional Association),
- MEDREG - Асоцијацијата на медитеранските енергетски регулатори

(Mediterranean Energy Regulators),
- WAREG – Асоцијацијата на европските регулатори за вода (European Water Regulators), и
- BES - Балканско училиште за енергетика.

- Членарини

Средствата предвидени со предложениот финансиски план се планирани за остварување на обврските на Регулаторната комисија за енергетика коишто произлегуваат од обврските кон меѓународните организации и институции, како и останатите обврски преземени на меѓународно ниво, како што се: учество во работата на Регионалната асоцијација на енергетските регулатори (ERRA), учество во работата на Советот на европските енергетски регулатори (CEER), учество во работата на Европската мрежа на регулаторни тела на водни услуги (WAREG), Балканско училиште за енергетика (BES), Асоцијацијата на медитеранските енергетски регулатори (MEDREG) и други.

Соработката со регулаторните тела од земјите од регионот е со цел размена на искуства, сознанија и информации од нивната регулаторна пракса, како и за координиран пристап во реализацијата на обврските коишто произлегуваат од законодавството на Европска Унија, Договорот за основање на Енергетската заедница и потпишаните меморандуми за соработка. Надоместокот за учество во меѓународни и домашни организации е определен согласно соодветните членарини, што се пресметани во денари по среден курс на Народната банка на Република Северна Македонија.

- Интелектуални и други услуги опфаќаат:

  - консултантски услуги од областите кои ги регулира Регулаторната комисија за енергетика, а во врска со енергетската политика и регулативи во енергетиката во согласност со европските директиви и регулативи. Консултантските услуги опфаќаат советодавни, стручни, технички и други видови услуги;
  - адвокатски, нотарски и други правни услуги;
  - преведувачки услуги;
  - услуги за вештачење и проценување;
  - авторски хонорари, договори за дело, консултантски услуги како што се услугите од Машински , Електротехнички и Економски факултет при УКИМ-Скопје,
  - промотивно информативни услуги;
  - останати расходи и
  - трошоци согласно Законот за безбедност и здравје при работа.

3. Плата и надоместоци на плата

Со предложениот финансиски план во групата - Плата и надоместоци на плата предвидени се средства за платите на вработените и членовите на Регулаторната комисија за енергетика и нови вработувања што е предвидено да се реализираат во 2026 година, поради зголемениот обем на работни обврски, а согласно новите надлежности на Регулаторната комисија за енергетика, предвидени со Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.216/21).

Ставката Плати и надоместоци на плати ги содржи потставките - нето плати, задолжителни придонеси од плати, персонален данок и останати надоместоци во согласност со закон.

4. Капитални и други средства

Оваа група на расходи ги содржи набавките на основни средства:

- мебел,
- информатичка опрема,
- софтвер и софтверски лиценци,
- набавка на останата канцелариска опрема.

## В. Планирани приходи

Согласно член 71 став (2) од Законот за енергетика, средствата за покривање на планираните трошоци на Регулаторната комисија за енергетика во 2026 година треба да се обезбедат преку:

- наплата на надоместок за издавање на лиценци за вршење на енергетски дејности, односно за упис во регистарот на странски трговци и снабдувачи со електрична енергија и природен гас коишто можат да вршат дејност во Република Северна Македонија;
- надоместоци од постапката за утврдување на тарифи за водни услуги, односно регулаторна тарифа за водни услуги;
- наплата на годишен надоместок од носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности и странските друштва коишто можат да вршат дејност во Република Северна Македонија, и
- посебен годишен надоместок утврден како процент на зафаќање од годишниот приход на давателите на водни услуги остварен од давање на водните услуги.

Според член 71 став (3), ако едно лице е носител на една или повеќе лиценци за вршење на енергетски дејности, годишниот надоместок се наплаќа од вкупниот приход остварен по основ на вршење на енергетски дејности.

Според член 71 став (4), ако едно лице врши енергетска и не енергетска дејност, годишниот надоместок се наплаќа за енергетските дејности, под услов носителот на лиценца да води одвоена сметководствена евиденција за секоја енергетска и не енергетска дејност што се утврдува од сметководствената документација која е составен дел од годишната сметка и од која може да се утврди структурата на приходите по дејности.

Вкупниот потребен приход за работењето на Регулаторната комисија за енергетика за 2026 година изнесува 185.665.989 денари, и овој износ се планира да се оствари од следните извори на средства:

- планирани приходи од наплата на надоместок за издавање на лиценци за вршење на енергетски дејности, односно за упис во регистарот на странски трговци и снабдувачи со електрична енергија и природен гас коишто можат да вршат дејност во Република Северна Македонија, во износ од 10.950.000 денари
- надоместоци од постапката за утврдување на тарифи за водни услуги, односно регулаторна тарифа за водни услуги, во износ од 660.000 денари;
- планиран приход од наплата на годишен надоместок од носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности и странските друштва коишто можат да вршат дејност во Република Северна Македонија во износ од 123.947.533 денари;
- планиран приход од наплата на посебен годишен надоместок утврден како процент на зафаќање од годишниот приход на давателите на водни услуги

остварен од давање на водните услуги, во износ од 1.897.309 денари; и

- пренесен вишок на приходи од претходната година од 48.211.147 денари

Планираниот приход на друштвата што вршат енергетска дејност и давателите на водни услуги за 2026 година е пресметан врз основа на остварениот приход на овие друштва во 2024 година а податоците се добиени од Централниот регистар на Република Северна Македонија, согласно одредбите од Законот за енергетика.

За реализирање на планираните приходи за финансирање на редовното работење на Регулаторната комисија за енергетика во 2026 година, потребно е да се изврши:

- наплата на годишен надоместок од носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности и странските друштва коишто можат да вршат дејност во Република Северна Македонија утврден како процент на зафаќање во износ од 0,0407% од вкупниот приход на носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности и

- наплата на годишен надоместок од давателите на водни услуги утврден како процент на зафаќање во износ од 0,0407%од годишниот приход на давателите на водни услуги остварен од давањето на водните услуги.

Согласно горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика на Собранието на Република Северна Македонија му предлага да донесе Одлука за утврдување на предложениот процент на зафаќање од 0,0407% кој е помал од законски утврдениот максимум од 0,1%.

## *Г. Прилози*

- Табела 1 – аналитички преглед на приходи и расходи

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2026 година**

**ТАБЕЛА 1**

| Група | ставка | под ставка | ОПИС | ОДОБРЕНО ЗА 2025 ГОДИНА | 2025 ГОДИНА | | | ПЛАН ЗА 2026 ГОДИНА | ИНДЕКС План 2026 / 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Остварено до 30.09.2025 | Проценка од 01.10 до 31.12 2025 | Вкупно 2025 | | |
| 1 | | | 2 | 3 | 4 | 5 | 6=4+5 | 7 | 8=7/3 |
| | | | **А. ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ** | **174,941,542** | **133,570,670** | **41,399,682** | **174,970,352** | **185,665,989** | 6% |
| 1 | | | Планирани приходи од наплата на надоместок од носителите на лиценци за вршење енергетски дејности и странските друштва коишто вршат енергетска дејност во РСМ и од наплата на годишен надоместок од давателите на водни услуги | **109,931,353** | **70,418,285** | **39,766,349** | **110,184,634** | **125,844,842** | **14%** |
| | 1.1 | | Надоместок од носители на лиценци | 108,034,044 | 68,910,858 | 39,286,566 | 108,197,424 | 123,947,533 | 15% |
| | 1.2 | | Надоместок од даватели на водни услуги | 1,897,309 | 1,507,427 | 479,783 | 1,987,210 | 1,897,309 | 0% |
| **2** | | | Планирани приходи од надоместок за издадени лиценци, односно за упис во регистарот на странски трговци и снабдувачи со ее и природен гас во РСМ и надоместок за постапки за утврдување на тарифи за водни услуги | **9,739,772** | **7,881,968** | **1,633,333** | **9,515,301** | **11,610,000** | **19%** |
| | 2.1 | | Издавање на лиценци | 9,500,000 | 7,331,968 | 1,583,333 | 8,915,301 | 10,950,000 | 15% |
| | 2.2 | | Надоместок за постапката за утврдување на тарифа за водни услуги | 239,772 | 550,000 | 50,000 | 600,000 | 660,000 | 175% |
| **3** | | | Пренесен вишок на приходи од претходна година | **55,270,417** | **55,270,417** | **0** | **55,270,417** | **48,211,147** | **-13%** |
| | | | **Б. ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ** | **174,941,542** | **85,013,947** | **41,745,258** | **126,759,205** | **185,665,989** | 6% |
| **1** | | | **Материјални расходи и услуги** | **54,976,880** | **17,538,885** | **6,986,988** | **24,525,873** | **46,326,880** | **-16%** |
| | **1.1** | | **Потрошени материјали** | **960,000** | **288,908** | **232,929** | **521,837** | **1,260,000** | **31%** |
| | | 1.1.1 | Потрошен канцелариски и останати материјали | 400,000 | 110,267 | 55,134 | 165,401 | 500,000 | 25% |
| | | 1.1.2 | Потрошен материјал за чистење и одржување | 350,000 | 90,384 | 56,490 | 146,874 | 500,000 | 43% |
| | | 1.1.3 | Потрошена вода | 60,000 | 5,124 | 54,438 | 59,562 | 60,000 | 0% |
| | | 1.1.4 | Ситен инвентар и автогуми | 150,000 | 83,133 | 66,867 | 150,000 | 200,000 | 33% |
| | **1.2** | | **Потрошена енергија** | **3,500,000** | **1,798,529** | **596,654** | **2,395,183** | **4,000,000** | **14%** |
| | | 1.2.1 | Потрошена електрична енергија | 2,500,000 | 930,122 | 465,061 | 1,395,183 | 2,800,000 | 12% |
| | | 1.2.2 | Потрошен бензин, нафта и други деривати за возила и агрегат | 1,000,000 | 868,407 | 131,593 | 1,000,000 | 1,200,000 | 20% |
| | **1.3** | | **Инвестиционо одржување на средства** | **2,500,000** | **1,100,027** | **550,014** | **1,650,041** | **4,520,000** | **81%** |
| | | 1.3.1 | Услуги за одржување (основни и транспортни средства) | 2,500,000 | 1,100,027 | 550,014 | 1,650,041 | 3,520,000 | 41% |
| | | 1.3.2 | Одржување на системот за ладење и греење | 0 | 0 | 0 | 0 | 1,000,000 | - |
| | **1.4** | | **Други услуги** | **27,580,000** | **2,597,793** | **1,298,897** | **3,896,690** | **14,690,000** | **-47%** |
| | | 1.4.1 | Комунална хигиена | 80,000 | 48,057 | 24,029 | 72,086 | 90,000 | 13% |
| | | 1.4.2 | Други услуги | 2,200,000 | 1,385,548 | 692,774 | 2,078,322 | 2,600,000 | 18% |
| | | 1.4.3 | Објава на акти во службен весник | 3,000,000 | 1,146,417 | 573,209 | 1,719,626 | 6,000,000 | 100% |
| | | 1.4.4 | Услуги за заедничко одржување на административна зграда | 22,300,000 | 17,771 | 8,886 | 26,657 | 6,000,000 | -73% |
| | **1.5** | | **Превозни-транспортни услуги** | **6,750,000** | **4,326,204** | **1,118,410** | **5,444,614** | **7,750,000** | **15%** |
| | | 1.5.1 | Телекомуникациски услуги | 3,100,000 | 1,498,519 | 1,033,333 | 2,531,852 | 4,000,000 | 29% |
| | | 1.5.2 | Поштенски услуги | 350,000 | 264,923 | 85,077 | 350,000 | 350,000 | 0% |
| | | 1.5.3 | Претплата на Platts +„F.O.L.ICHTS"- World Biodiesel Price Report | 3,300,000 | 2,562,762 | 0 | 2,562,762 | 3,400,000 | 3% |
| | **1.6** | | **Издатоци за репрезентација** | **1,350,000** | **1,078,673** | **271,327** | **1,350,000** | **1,450,000** | **7%** |
| | | 1.6.1 | Трошоци за репрезентација | 1,350,000 | 1,078,673 | 271,327 | 1,350,000 | 1,450,000 | 7% |
| | **1.7** | | **Наемнини** | **9,426,880** | **5,342,802** | **2,353,170** | **7,695,972** | **9,526,880** | **1%** |
| | | 1.7.1 | Наемнина за користење на опрема | 400,000 | 311,897 | 88,103 | 400,000 | 500,000 | 25% |
| | | 1.7.2 | Закуп на деловен простор | 6,926,880 | 4,784,844 | 2,142,036 | 6,926,880 | 6,926,880 | 0% |
| | | 1.7.3 | Закуп по Одлука на Собрание на РСМ | 400,000 | 246,061 | 123,031 | 369,092 | 400,000 | 0% |
| | | 1.7.4 | Наем (лизинг) на возила | 1,700,000 | 0 | 0 | 0 | 1,700,000 | 0% |
| | **1.8** | | **Други материјални расходи** | **2,910,000** | **1,005,949** | **565,589** | **1,571,538** | **3,130,000** | **8%** |
| | | 1.8.1 | Трошоци за стручна литература, списанија и весници | 150,000 | 44,010 | 22,005 | 66,015 | 150,000 | 0% |
| | | 1.8.2 | Расходи за семинари и советувања | 1,600,000 | 524,357 | 262,179 | 786,536 | 1,600,000 | 0% |
| | | 1.8.3 | Расходи за регистрација на моторни возила | 60,000 | 57,971 | 2,029 | 60,000 | 80,000 | 33% |
| | | 1.8.4 | Расходи за соработка со други регулаторни тела | 1,000,000 | 372,658 | 186,329 | 558,987 | 1,200,000 | 20% |
| | | 1.8.5 | Други непредвидени расходи | 100,000 | 6,953 | 93,047 | 100,000 | 100,000 | 0% |
| **2** | | | **Други расходи** | **16,378,000** | **8,628,832** | **3,884,454** | **12,513,286** | **17,330,000** | **6%** |
| | **2.1** | | **Провизија за платен промет** | **175,000** | **77,701** | **97,299** | **175,000** | **175,000** | **0%** |
| | | 2.1.1 | Провизија на платен промет | 175,000 | 77,701 | 97,299 | 175,000 | 175,000 | 0% |
| | **2.2** | | **Премии за осигурување** | **600,000** | **252,623** | **126,312** | **378,935** | **800,000** | **33%** |
| | | 2.2.1 | Премии за осигурување (основни, транспортни средства и патничко осигурување) | 600,000 | 252,623 | 126,312 | 378,935 | 800,000 | 33% |
| | **2.3** | | **Трошоци за службени патувања и патни трошоци** | **4,600,000** | **3,394,045** | **1,224,693** | **4,618,738** | **5,200,000** | **13%** |
| | | 2.3.1 | Трошоци за службени патувања и патни трошоци во земјата | 500,000 | 384,591 | 96,148 | 480,739 | 500,000 | 0% |
| | | 2.3.2 | Трошоци за службени патувања и патни трошоци во странство | 4,100,000 | 3,009,454 | 1,128,545 | 4,137,999 | 4,700,000 | 15% |
| | **2.4** | | **Надоместоци на трошоци на работници** | **2,800,000** | **1,440,619** | **1,059,381** | **2,500,000** | **3,700,000** | **32%** |
| | | 2.4.1 | Надоместоци на трошоци на работници | 2,500,000 | 1,440,619 | 1,059,381 | 2,500,000 | 3,600,000 | 44% |
| | | 2.4.2 | Стручно образование и усовршување | 300,000 | 0 | 0 | 0 | 100,000 | -67% |
| | **2.5** | | **Членарини** | **1,500,000** | **936,305** | **351,114** | **1,287,419** | **1,500,000** | **0%** |
| | | 2.5.1 | Членарини во меѓународни и домашни организации | 1,500,000 | 936,305 | 351,114 | 1,287,419 | 1,500,000 | 0% |
| | **2.6** | | **Интелектуални и други услуги** | **6,703,000** | **2,527,539** | **1,025,655** | **3,553,194** | **5,955,000** | **-11%** |
| | | 2.6.1 | Адвокатски, нотарски и други правни услуги | 1,000,000 | 450,023 | 225,012 | 675,035 | 800,000 | -20% |
| | | 2.6.2 | Преведувачки услуги | 200,000 | 0 | 0 | 0 | 100,000 | -50% |
| | | 2.6.3 | Услуги за вештачење и проценување | 100,000 | 0 | 0 | 0 | 100,000 | 0% |
| | | 2.6.4 | Консултантски услуги, авторски хонорари и договор за дело | 4,500,000 | 1,975,152 | 740,682 | 2,715,834 | 4,000,000 | -11% |
| | | 2.6.5 | Промотивно информативни услуги | 450,000 | 70,234 | 43,896 | 114,130 | 350,000 | -22% |
| | | 2.6.6 | Останати расходи (курсни разлики,задолжителен систематски преглед...) | 300,000 | 32,130 | 16,065 | 48,195 | 450,000 | 50% |
| | | 2.6.7 | Трошоци согласно Законот за безбедност и здравје при работа | 153,000 | 0 | 0 | 0 | 155,000 | 1% |
| **3** | **3.1** | | **Плата и надоместоци на плата** | **96,986,662** | **58,324,713** | **29,162,357** | **87,487,070** | **116,469,109** | **20%** |
| | | 3.1.1 | Плати | 62,660,780 | 38,140,395 | 19,070,198 | 57,210,593 | 75,268,469 | 20% |
| | | 3.1.2 | Персонален данок на плата | 6,169,813 | 3,844,685 | 1,922,343 | 5,767,028 | 7,589,503 | 23% |
| | | 3.1.3 | Придонес за пензиско и инвалидско осигурување | 17,972,448 | 10,970,908 | 5,485,454 | 16,456,362 | 21,635,148 | 20% |
| | | 3.1.4 | Придонес за здравствено осигурување | 7,169,825 | 4,376,682 | 2,188,341 | 6,565,023 | 8,631,049 | 20% |
| | | 3.1.5 | Придонес за вработување | 1,147,185 | 700,275 | 350,138 | 1,050,413 | 1,380,949 | 20% |
| | | 3.1.6 | Придонес за професионално заболување | 477,997 | 291,768 | 145,884 | 437,652 | 575,378 | 20% |
| | | 3.1.7 | Останати надоместоци во согласност со закон | 1,388,614 | 0 | 0 | 0 | 1,388,614 | 0% |
| **4** | **4.1** | | **Капитални и други средства** | **6,600,000** | **521,517** | **1,711,460** | **2,232,977** | **5,540,000** | **-16%** |
| | | 4.1.1 | Набавка на мебел | 1,900,000 | 0 | 586,460 | 586,460 | 800,000 | -58% |
| | | 4.1.2 | Информатичка опрема, софтвер и софтверски лиценци | 4,500,000 | 521,517 | 1,125,000 | 1,646,517 | 4,500,000 | 0% |
| | | 4.1.3 | Набавка на останата опрема | 200,000 | 0 | 0 | 0 | 240,000 | 20% |
| | | 4.1.4 | Набавка на дополнителен деловен простор во постојната зграда | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | - |
| **В** | | | **Вкупно расходи** | **174,941,542** | **85,013,947** | **41,745,258** | **126,759,205** | **185,665,989** | **6%** |

KOMISIONI RREGULLATOR I ENERGJETIKËS, I SHËRBIMEVE TË UJIT DHE I SHËRBIMEVE TË MENAXHIMIT ME MBETURINA KOMUNALE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

# PLANI FINANCIAR PËR VITIN 2026
# KOMISIONI RREGULLATOR I ENERGJETIKËS, I SHËRBIMEVE TË UJIT DHE I SHËRBIMEVE TË MENAXHIMIT ME MBETURINA KOMUNALE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

**Shkup, mars 2026**

rr. Maqedonia nr.25. pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 6 • 1000
Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Qendra 02 3233-580 • Faksi: 02 3233-586 • www.erc.org.mk • e-mail:








Propozim-plani financiar i Komisionit Rregullator të Energjetikës, të Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturina Komunale të Republikës së Maqedonisë së Veriut është përpunuar në përputhje me nenin 71 paragrafi (5) të Ligjit të Energjetikës* („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr.101/25 dhe 135/25)
Komisioni Rregullator i Energjetikës, i Shërbimeve të Ujit dhe i Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturina Komunale i Republikës së Maqedonisë së Veriut, më së voni deri më 31 tetor të vitit aktual, deri te Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut parashtron për miratim propozim-planin financiar për vitin e ardhshëm kalendarik.
